

Публикација за заштита на шумите и зелените површини

# Организација на заштитата на шумите од пожари во регионот на Богомила

eco LOGIC



Содржина:


1. Општина Чашка.....5
   1.1 Површина и жители.....5
   1.2 Покриеност со шуми.....5
   1.3 Климатки карактеристики.....6
   1.4 Историјат на шумските пожари.....7
2. Организација на заштитата на шумите од пожари во регионот на Богомила.....9
   2.1 ЈП Македонски шуми, подружница „Бабуна“ Велес.....9
   2.2 Териториjална противпожарна единица Велес (професионални пожарникари)..12
   2.3 Дирекција за заштита и спасување – Велес.....15
   2.4 Локална самоуправа Чашка и Велес.....16
   2.5 Доброволни противпожарни друштва .....18
   2.6 Приватни сопственици на шуми.....21
3. Организација на гасење на шумски пожари во Општина Чашка .....23
   3.1 Заклучок со предлог мерки.....24

# ВОВЕД

Во општина Чашка во изминативе 10 години се евидентирани 288 шумски пожари, каде е опожарена површина од околу 19.590 хектари. Според важечката законска регулатива голем број на институции имаат цел и задача да ја заштитуваат општината од шумски пожари. Соодветната поставеност и организација на институциите и организациите кој се дел од системот за заштита од пожари е од исклучителна важност за нивното ефикасно функционирање. Поради тоа, организационата поставеност на заштитата од шумски пожари во регионот на Богомила беше одбрана како тема на оваа публикација.

# 1. ОПШТИНА ЧАШКА

## 1.1. ПОВРШИНА И ЖИТЕЛИ

Општина Чашка се наоѓа во средишниот дел од Македонија. Зафаќа површина од 825 $km^2$ и се вбројува во трите најголеми општини по територија во Македонија. Седиштето на општината се наоѓа на надморска височина од 275 m. Истата е рурална и мултикултурна општина со одлична географска положба. Ги поседува најубавите и атрактивните предели на планините Јакупица, Даутица, Бабуна, Клепа, Караџица и Голешница. На територијата на општината се простира и највисокиот врв на планината Јакупица, Солунска Глава 2540 m надморска височина. Целата таа атрактивност на пределот го дополнуваат и реките Бабуна и Тополка. Реката Бабуна извира под Солунска Глава на планината Јакупица и има должина од 62 km и пред вливот на реката Вардар прима неколку помали реки. Реката Тополка извира на падините на планината Јакупица и до вливот на реката Вардар има должина од 38 km. По течението на овие реки се простира алувијална рамнина настаната како резултат на наносите на реките која е многу плодна. Соседни општини со кои граничи општината се : Велес, Градско, Росоман, Зелениково и Студеничани, Македонски Брод, Долнени, Прилеп и Кавадарци. Според последните податоци од Заводот за статистика на територијата на општината живеат вкупно 7 673 жители во 42 населени места. Општината располага со вкупно обработлива земјоделска површина од 476 $km^2$ и 48 97 $km^2$ под пасишта.

## 1.2. ПОКРИЕНОСТ СО ШУМИ

Општина Чашка располага со вкупно 329,12 $km^2$ шума. Постои јасна расчленетост на ниски термофилни шуми од бел габер, дабов регион, буков регион и регион на високопланински пасишта. Шумите на борот кривуљ кои се простираат на планинскиот масив Јакупица, претставуваат научно-истражувачки резерват. На територијата на општина Чашка под пасишта се наоѓа околу 248,12 $km^2$. Пасиштата на целиот простор му даваат посебно обележје со застапеност на повеќе видови на тревни заедници, различни по својот состав и квалитет. ЈП „Македонски Шуми”-Подружница „Бабуна”, Велес

стопанисува со државните шуми кои се наоѓаат на територијата на општина Велес и Чашка, кои се распоредени во девет Шумскостопански единици кои завземаат површина од 59671,90 ha.

| Ред. бр. | Име на ШСЕ | Вкупна површина(ха) | Обрасната површина(ха) | Необрасната површина(ха) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Горна Бабуна | 5931,10 | 5172,70 | 758,40 |
| 2 | Долна Бабуна | 4827,50 | 2849,90 | 1977,60 |
| 3 | Биса | 6488 | 4520,20 | 1967,80 |
| 4 | Тополка-Карабуниште | 9563,40 | 9012,40 | 551 |
| 5 | Крива Круша-Тополка | 8242,80 | 7213,76 | 1029,04 |
| 6 | Мукос-Јасенова глава | 9896,40 | 7469,10 | 2427,30 |
| 7 | Попадија-Крајници | 7087,80 | 3063,15 | 4024,65 |
| 8 | Езеро Младост-Караслари | 4260,60 | 3741,70 | 518,90 |
| 9 | Црн Врв-Градиште | 3374,30 | 2818,90 | 555,40 |
| | **Вкупно:** | **59671,90** | **45861,81** | **13810,09** |

**Табела 1 - Преглед на површините под шума со кои стопанисува ЈП Македонски Шуми, подружница „БАБУНА" ВЕЛЕС**

## 1.3. КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Климатските карактеристики на општината се доста различни. Високите планини преку целата година се покриени со снег додека во рамничарскиот дел во летниот период владее висока температура. Климата е континентална со мало влијание на суб-медитеранска која продира по долината на реката Тополка. Врнежите се мали претежно во есенските и зимски денови, а летата се топли и суви. Ветровите се јавуваат од сите правци, меѓутоа преовладуваат од северен до северозападен правец. Средната годишна температура изнесува $13,10^0$. Најстуден месец во годината е јануари со просечна температура од $1,80^0$, а најтопол месец е јули со просечна температура од $24,40^0$. Просечното количество на врнежи изнесува 477 mm на метар квадратен.

## 1.4. ИСТОРИЈАТ НА ШУМСКИТЕ ПОЖАРИ

Во регионот на Богомила најзагрозена е Општина Чашка на чија територија се регистрирани 99 отсто од шумите во регионот па таму се најчесто и пожарите. Според подружницата Бабуна поголемиот број од пожарите биле подметнати намерно од населението. Во некои случаеви каде пожарот имал опфатено и големи делови од приватните шуми исто така населението знаеќи дека горат нивните шуми не сакало да се приклучи во гаснењето поради тоа што подружницата Бабуна не им дозволувала да ги користат своите шуми. Крајниот резултат од ваквата состојба е првото место по уништена шума за регионот на Азот, во срцето на Македонија. Исто така од подружницата Бабуна наведуваат дека некои од приватните сопственици на шуми се вклучувале во згаснувањето на пожарот и сметале дека шумските пожари биле најголемото зло за шумите и природните екосистеми во целост, додека пак некои од приватните сопственици биле револтирани и не се вклучувале во гаснењето на пожарите.

| реден број | година | Бр.на пожари | Штети во хектар |
|---|---|---|---|
| 1 | 2004 | 11 | 3,252.00 |
| 2 | 2005 | 22 | 442,90 |
| 3 | 2006 | 21 | 1,102.30 |
| 4 | 2007 | 45 | 3,800.00 |
| 5 | 2008 | 33 | 536.10 |
| 6 | 2009 | 17 | 1083.4 |
| 7 | 2010 | 16 | 360.8 |
| 8 | 2011 | 56 | 4585,00 |
| 9 | 2012 | 41 | 3365,00 |
| 10 | 2013 | 26 | 1062,90 |
|  | **ВКУПНО** | **288** | **19590.4** |

**Табела 2 - Преглед на шумски пожари во последните 10 години (2003-2013) со кои стопанисув подружницата „Бабуна", Велес**

Според оваа табела, бројот на шумски пожари со текот на годините наместо да се намалува тој е зголемен, особено во 2011 и 2012, каде е опожарена огромна површина. Исто така можеме да видиме дека пожарите можат да опожарат и направат големи штети каде што ќе биде потребно многу време и многу средства за да се обнови опожарената површина.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ ВО РЕГИОНОТ НА БОГОМИЛА

Според важечките закони на Република Македонија институции и организации кои се надлежни за заштитата на шумите од пожари во Богомила се:

- ЈП Македонски шуми, подружница „Бабуна” Велес;
- Територијална противпожарна единица Велес;
- Дирекција за заштита и спасување-Велес;
- Локална самоуправа Чашка и Велес;
- Доброволни противпожарни друштва.

### 2.1. ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ, ПОДРУЖНИЦА „БАБУНА” ВЕЛЕС

Според член 7 од законот за шумите, стопанисувањето на шумите претставува одгледување, заштита и користење на шумите преку обнова, нега, заштита, подигање на нови шуми, користење на шуми и шумско земјиште, како и други активности за одржување и унапредување на функциите на шумите. Надлежноста на подружницата е да се грижи за шумите, правилно да стопанисува со шумите, нивна обнова и разумно користење. Стопанисувањето со шумите е засновано врз комплексност, многуфункционалност и трајност на производството, при што се води сметка за здравиот однос кон шумите, еколошки принципи за зачувување на животната средина, негата и обновата на шумите.

Според член 4 целите на законот за шуми се: трајно да се сочува површината под шума, да се зголеми нивната вредност и да се обезбеди најголем прираст според природните услови на месторастењето, да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кои трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на сегашниот и идниот развој на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, а притоа да не се наруши екосистемот.

Според член 8 од законот за шуми, управувањето со шумите опфаќа стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, стручни и советодавни работи за поддршка на субјектите кои стопанисуваат со шумите, мониторинг и надзор. Според овој член со шумите треба да управуваат и стопанисуваат на начин со кој трајно ќе се сочува и зголеми нивната површина и вредност, да се обезбеди најголем прираст според природните услови и да се сочуваат и подобруваат нивните општокорисни и производни функции.

Според член 27 од законот за шуми, шумскостопанската единица претставува основна единица за планирање. Таа е природна и стопанска целина утврдена според ортографските и хидрографските карактеристики, сообраќајниците и други природни и економски услови за управување и стопанисување со шумите и шумската инфраструктура и е составена од оддели и пододдели.

Според член 28 од законот за шуми, планирањето на управувањето и стопанисувањето со шумите и шумското земјиште се остварувало преку: посебни планови за стопанисување со шумите, програма за стопанисување со шумите и годишни планови за стопанисување со шумите.

Според член 56 од законот за шуми, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, во зависност од степенот на загрозеност на шумата, имаат должност да превземаат посебни мерки за заштита од пожари (правење просеки во шума, подигнување на појаси од лисјарските видови дрвја во иглолисни шуми, поставување набљудувачници, организирање на набљудувачка, известувачка, противпожарна служба и слично). Правните и физичките лица кои преку вршење на својата дејност предизвикуваат шумски пожари, се должни да ја надоместат штетата на субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и сопствениците на шуми.

Според член 57 од зконот за шуми, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, слободниот пристап можат да го ограничат во заштитните делови на шума или делови на шума во кои е загрозена безбедноста на луѓето. Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, кои се надлежни за работите од областа на шумарството, во согласност со органот на државната управа, можат целосно и делумно да забранат движење во шумата или во одделни нејзини делови во периодот кога постои зголемена опасност од шумски пожари или од работи кои се изведуваат во шума.

Според член 58 од законот за шуми, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни својата работа во шума да ја организираат во време и на начин на кој ќе се овозможи

воведување и одржување на шумски ред. Доколку се поремети шумскиот ред, субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми, се должни во најкраток можен рок и на пропишан начин да воведат и одржат шумски ред. Начинот на воведување и одржување на шумски ред го пропишува министерот, кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Според член 5 од законот за пожарникарство, подружницата е формирана со цел гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации како и извршување на други работи при несреќи и непогоди. Подружницата „Бабуна" е на прво место според бројот на пожарите во овој регион.

При добивање на информација за настанат шумски пожар, подружницата веднаш упатува екипа со потребната опрема и средства за почетно гасење. Таа превзема разни мерки со цел намалување на пожарите како на пример: патролирање на теренот, поставување на мобилни тимови кои би интервенирале веднаш при појавата на шумски пожар и редовни контакти со месното население кои веднаш ќе го пријават шумскиот пожар. Подружницата „Бабуна" превзема превентивни мерки во текот на целата година односно во целиот турнус на растежот на шумата.

Овие мерки имаат информативно пропаганден карактер. Нивното мото е да се подобри односот на човекот кон шумата, нејзиното искористување и одржување. Во соработка со одредени невладини организации подружницата преку воспитни мерки врши запознавање на населението за благодетите што шумата му ги дава на човекот, бидејќи како што знаеме човекот е основниот причинител за појавата на шумските пожари.

Подружниците со оглед на карактерот на стопанисување со шумите, треба во секое време да бидат подготвени да се соочат со огнената стихија. Од тука произлегува потребата за воведување на пресупресивни мерки. Целта на овие мерки е да се намали не само бројот на шумските пожари, туку и интензитетот, односно индексот на опожарена шумска површина.

Во пресупресивни мерки се вбројуваат:

- Откривање на пожарот
- Пренесување на информацијата (организација на врски)
- Организација во врска со транспортот

- Изградба на противпожарни појаси (просеки)
- Набавка на потребна опрема
- Регрутирање и оспособување на работници-пожарникари (гасначи)
- Картирање на горливиот материјал и негова редукција
- Проценка на опасност од пожар
- План за борба со шумскиот пожар.

Според член 80 од законот за шумите, субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот, за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Улогата на подружницата во заштитата од пожари е од големо значење затоа што тие како подружница која стопанисува со овој регион треба веднаш да реагираат при појавата на пожарите и се присутни од појавата на пожарот па се до негово згаснување и вршење на контрола уште неколку дена после гаснењето на пожарот. По згаснување на пожарот се упатува екипа за да ја утврди направената штета. Се извршуваат посебни анализи не само на бројот и обемот на штетите од шумските пожари, туку и за причините кои доведуваат до појава на шумски пожар и како единствена причина се утврдило дека е човекот кој што намерно или ненамерно ја уништува шумата.

Подружницата „Бабуна" има недоволен број на пожарникари, недоволен број на возила, недоволно опрема и средства за да може да се справи со шумските пожари. Потребни се и поголема организација и комуникација со другите институции, кои се исто така надлежни за гасење на шумските пожари како и заеднички обуки. Поради овие недостатоци целата организација при гасење на шумските пожари се одвива многу тешко.

## 2.2. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИПОЖАРНА ЕДИНИЦА ВЕЛЕС (ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОЖАРНИКАРИ)

Според член 4 од Законот за пожарникари, територијални противпожарни единици можат да формираат општините чие седиште е оддалечено повеќе од 20 километри. Заради оперативно делување при гасењето на големи пожари на целата територија на Република Македонија, територијалните противпожарни единици на градот Скопје и општините: Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес,

Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар, ќе дејствуваат и како противпожарни единици на Република Македонија.
Територијалната противпожарна единица-Велес, дејствува на територијата на Општина Велес, а ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица. Со противпожарните единици според членот 11 од законот за шумарство, раководи лице кое има најмалку вишо образование од техничка струка и работно искуство од најмалку две години.

Целите на ТППЕ-Велес се:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, шуми, отворени простории, поплави, сообраќајни несреќи и друго;
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина,материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено истакнување на опасноста и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна единица;

Велешката територијална професионална единица покрива најголема територија во Македонија и е една од 14-те единици, кои можат да интервенираат на целата територија. Просечната старост на 25-те вработени, е 44 години и имаат 4 специјализирани возила за гаснење како и 2 теренски возила чија старост е 35 години.

Според член 5 од Законот за пожарникарство минималниот број на пожарникари во противпожарните единици треба да изнесува:

- во општините до 5.000 жители - 13 пожарникари, од кои најмалку 4 професионални пожарникари;
- во општините од 5.000 до 12.000 жители - 13 пожарникари, од кои најмалку 9 професионални пожарникари;

- во општините од 12.000 до 24.000 жители - 17 пожарникари, од кои најмалку 13 професионални пожарникари;
- во општините со над 24.000 жители, бројот на професионални пожарникари се зголемува зависно од големината на подрачјето кое го покрива противпожарната единица, степенот на загрозеност од пожари и видот на објектите што се заштитуваат, така што во општините до 50.000 жители на секои 1.500 жители, а во општините со над 50.000 жители - на секои 2.000 жители, најмалку еден професионален пожарникар.

Според овој правилник Чашка не мора да има своја територијална противпожарна единица.

Општината која согласно со одредбите на овој закон не формира противпожарна единица, учествува во финансирањето на противпожарната единица формирана во општината која го покрива нејзиното подрачје.Територијалната противпожарна единица превзема превентивни мерки така што на земјоделците им наложува да не ги палат стрништата, бидејќи тоа е опасно и може да предизвика пожар.

Според ТППЕ Велес, разговорите со земјоделците во изминативе неколку лета веќе вродиле со плод, т.е. драстично е намален бројот на пожари. Како една од најбитните мерки при гаснењето на пожари е неговото брзо откривање и брзата интервенција односно пресупресивната мерка.

Оваа единица располага со современа техничка опрема и средства, но целата таа опрема е дотраена и се прават напори да се замени со нова опрема, за да можат успешно да се справат со задачите. Противпожарните единици, можат да вршат и определени непрофитабилни услуги заради подобрување на нивната техничка опременост и условите за работа, кои не смеат да го оневозможуваат или попречуваат извршувањето на функциите. Сепак како најголем проблем останува недоволниот број на вработени професионални пожарникари.

ТППЕ при локализирање на шумските пожари, користи разни алати и опрема за гаснење на пожарот, како на пример: возила со цистерни, теренски возила, радио станици, мобилни телефони, моторни пили, секири, прскалки, лопати, копачи,гребла,метални метли, батериски лампи и друга опрема. На места каде што не е пристапно односно не може да се појде со превозно средство се оди пешки, се носат прскалки со вода и се прават појаси, се во зависност од интензитетот на пожарот.

Надлежноста на ТППЕ Велес се состои во тоа што при пожар на отворен простор, веднаш треба да го извести Раководителот на претпријатието што стопанисува со опожарената површина и во рамките на своите можности се вклучува во акција на локализирање на пожарот.

Улогата на ТППЕ Велес во заштитата од пожари е од огромно значење, затоа што тие како професионални пожарникари можат и се спремни и обучени да интерeвенираат на секакви терени и на многу недостапни места.

Територијалната противпожарна единица има недостаток на обучени пожарникари, односно професионални пожарникари, недоволен број на професионални возила, недоволен број на професионална облека за заштита од пожарите. Професионалните пожарникари немаат доволно тренинзи и се слабо обучени поради недоволно средства за обука.

## 2.3. ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - ВЕЛЕС

Дирекцијата за заштита и спасување, согласно законот за заштита и спасување и законот за шумите, превзема мерки и активности за превентивно делување во врска со заштитата од можни шумски пожари и други пожари на отворен простор.

Според член 7 од законот за пожарникарство, во услови на зголемена опасност од пожари дирекцијата во согласност со општината ангажираат сезонски пожарникари. Приоритет при ангажирањето на сезонски пожарникари имаат пожарниците на доброволните противпожарни единици и друштва во кои членувале најмалку две години. Пред почетокот на ангажманот, тие се должни да завршат обука согласно со посебна програма која ја донесува директорот на Дирекцијата.Директорот на Дирекцијата ги пропишува формациите, чиновите како и обележјата на чиновите во противпожарните единици.

Според член 10 од законот за пожарникарство, работниците на противпожарните единици потребно е да носат униформа и заштитна опрема. Дирекцијата наложува до претпријатијата кои што стопанисуваат со шумите, да превземат превентивни мерки со цел намалување на шумските пожари.

Исто така да организираат разни настани каде што ќе се запознаат помладите генерации со опасностите од шумските пожари.

Како пресупресивни мерки е самото откривање на пожарот како и информацијата за настанатиот пожар и колку побрзо се пренесе информацијата за пожарот толку побрзо ќе се интервенира и локализира пожарот. Улогата на Дирекцијата за заштита и спасување е да го организира, контролира и координира целиот процес при гаснење на шумските пожари. Велешкиот регион е прогласен за ризичен од пожари поради недоволниот број на пожарникари и на опрема.

Дирекцијата за заштита и спасување ги информираат граѓаните:

- Да не се пали оган на отворен простор и на необезбедени места
- Да не се фрла стакло, стаклени шишиња
- Да не се палат стрништа, земјоделски и други површини
- Да не се врши палење на отпад и друг горлив материјал
- Да не се фрлаат отпушоци од цигари и догорчиња

Дирекцијата за заштита и спасување ги извршува посебните планови за заштита и спасување, го организира и подготвува системот за заштита и спасување, обезбедува функционирање на системот и предлага мерки. Таа има свои тимови кои можат да интервенираат при гасењето на шумските пожари, меѓутоа тие се необучени и немаат доволно опрема.

## 2.4. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЧАШКА И ВЕЛЕС

Локалната самоуправа во Општина Чашка има надлежност да се грижи за шумата која се наоѓа во општината, со цел да ја заштити од пожарите кои што уништуваат голема површина, а како главна причина за појавата на пожари е човекот.

Според членот 56 од законот за шуми, посебните мерки за заштита на шумите од пожари ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во согласност со раководниот работник кој раководи со Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со единиците на локалната самоуправа.

Во Општината имаат голем недостаток на опрема за гаснење на пожари и на обучен кадар. Во периодот кога пожарите се најактивни особено летниот период општината има свои тимови кои веднаш би реагирале и доколку пожарот е од голем размер, градоначалникот ги повикува силите за заштита од пожари на ЈП „Македонски шуми", подружница „Бабуна"-Велес, а потоа доколку има потреба и Територијалната противзаштитна единица Велес.

Општината Велес  како надлежна за овој регион прави активности за заштита од пожари преку Општинскиот штаб за заштита и спасување, просторните специјализирани сили за заштита и спасување и територијалната противпожарна единица Велес, а ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица. Општината прави напори за создавање на максимални услови за поефикасна заштита од пожарите со набавување на квалитетна опрема како и формирање на квалитетна и технички стручно подготвена единица, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Велес и другите општини.

При појавата на пожар во Општина Велес веднаш интервенира Територијалната противпожарна единица и доколку има потреба го известуваат градоначалникот кој што одржува редовна комуникација со командирот на ТППЕ-Велес, од кого добива информации за интензитетот и големината на пожарот и за ангажираните сили во неговото гасење.

Според член 39 од  законот за пожарникарство градоначалникот на општината на чие подрачје настанал пожар, согласно со планот за заштита и спасување може преку јавен повик да ги повика граѓаните постари од 18 години да учествуваат во акцијата за гаснење на пожарот. Исто така тој може да им нареди на граѓаните и правните лица да ги стават на располагање своите средства, опрема и вработени, потребни во спроведувањето на акцијата за гаснење на пожар, согласно со планот за заштита и спасување.

Според членот 41 од законот за пожарникарство и граѓаните кои учествуваат во акцијата за гасење на пожар подолго од четири часа, имаат право на исхрана на сметка на општината на чие подрачје се наоѓа пожарот. Локалната самоуправа одржува контакти со локалното население, со цел брзо откривање на пожарот и брзо локализирање (пресупресивни мерки).

Во перидот кога е суша и кога можноста за пожар е голема, локалната самоуправа поставува свои луѓе кои вршат патроли низ целиот регион за во случај на пожар брзо да се интервенира. При пожар

локалната самоуправа многу тешко се справува со пожарите поради недостаток на опрема и средства за справување со пожарот.




Шема на Локалната самоуправа на Република Македонија

Локалната самоуправа учествува во целиот процес на гасењето на пожарите, меѓутоа поради недостаток на средства, опрема и обученост целата таа организација се одвива многу споро и тешко. Таа е потребно да има свои екипи кои ќе интевенираат брзо и ефикасно и кои ќе бидат доволно обучени за да се справат со шумскиот пожар.

## 2.5. ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА

Во Општината Велес е основан Противпожарен сојуз со цел заштита на шумите од пожари. Почетоците на организираното противпожарникарство на територијата на Република Македонија датираат уште од 20 мај 1836 година. Денес 20 мај се празнува како денот на пожарникарството.

Во Велес противпожарниот сојуз е формиран во 1976 година и оттогаш има спроведено низа на активности во рамки на едукацијата на граѓаните за заштита на шумите од пожари. Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Територијалната противпожарна единица од Велес организира разни кампањи, со поставување на изложбени штандови,цртежи, разни творби спроведени заедно со основните и средните школи.На граѓаните им се делат и едукативни флаери за заштита и делување во случај на пожари.

Во склоп со Противпожарниот сојуз на територијата на Општина Велес е основано и Доброволно противпожарно друштво „Видра", кое дејствува во Велес, а во зависност од потребата и во другите општини. Ова друштво е основано во 2010 година и во него членуваат генерации од седум годишна возраст па се до седумдесет и седум.

Според член 21 од законот за пожарникарство, доброволните друштва можат да се здружуваат во општински Противпожарни сојузи и во противпожарниот сојуз на Република Македонија. Општините според законот треба да обезбедат простор и финансиски средства за тековните активности на доброволните противпожарни друштва и општинскиот противпожарен сојуз на своето подрачје.

Според членот 22 од законот за пожарникарство, заради учество во гасење на пожари и спасување на луѓе и имот, ДПД можат да формираат и доброволни противпожарни единици. Единиците од ставот на овој член треба да имаат најмалку десет оперативни пожарникари. Доброволните противпожарни единици заради гасење на пожарите, треба да имаат противпожарна опрема, средства за гаснење и лична заштитна опрема.

Според член 23 од законот за пожарникарство, оперативен пожарникар во доброволна противпожарна единица може да биде лице:

- На возраст од 18 и 65 години (мажи), односно до 55 години (жени);
- Здравствено и психички способно за извршување на пожарникарски работи;
- Има завршено курс за доброволен пожарникар.

Целта на друштвото е да помага на граѓаните на општина Велес и на сите други народи и народности на територијата на Република Македонија каде што дејствуваат волонтерски и хумано. Ова друштво има 45 члена од кои дванаесет возрасни членови кои се дел од одделението за интервенција при појава на шумски пожари и природни катастрофи. Тие организираат разни кампови со цел да се

едуцира најмладото население, за тоа како треба да се постапува во шума за да ја заштитиме природата од пожари.

Основната мисија на друштвото е заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра од пожари преку сведување на активности за превентивна заштита од пожари, едукација на граѓаните за противпожарна заштита, јакнење на јавната свест од пожари, како и учество во акции на гаснење на пожари, согласно со законот.

Како превентивни мерки ДПД „Видра" организира делење на пропаганден материјал од областа на заштитата на шумите од пожари, додека пак како пресупресивни мерки- организирање на пунктови каде има дежурство за рано откривање на пожарите и интервенција за брзо локализирање и гасење. Во овие активности вклучени се членовите на друштвото од сите возрасни категории и активноста трае за време на сезоната на шумски пожари.

Улогата на ДПД „Видра" во заштитата од пожари е од големо значење, бидејќи тие се спремни во секое време да им помогнат на другите служби кои се одговорни и стопанисуваат со шумите во справување на пожарот и се обучени веднаш да реагираат . Членовите на ДПД „Видра" со опрема и средства за гасење на шумскиот пожар, се снабдуваат од Териториjалната противпожарна единица Велес. При интервенција на шумски пожар ДПД „Видра" применува разни методи, гасење на пожар со земја, вода, оган и други методи.

Доброволните противпожарни друштва имаат недостаток на опрема како и недоволна обученост на пожарникарите во гасењето на пожарите. Потребно е да изведуваат разни трениннзи и обуки, подобра комуникација со надлежните институции со цел целата организација при гаснењето на шумските пожари да се одвива во најдобар ред.



Шема на организационата поставеност на ПСМ

## 2.6. ПРИВАТНИ СОПСТВЕНИЦИ НА ШУМИ

Според законот за пожарникарство член 29, секој граѓанин кој ќе забележи непосредна опасност од настанување на пожари или ќе забележи пожар, должен е да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот ако тоа може да го стори, без опасност за себе или друго лице. Доколку граѓанинот не може сам да ја отстрани опасноста,односно да го изгасне пожарот, должен е веднаш да ја извести најблиската противпожарна единица или полициска станица и да побара помош од граѓаните во непосредната околина.

Подрачјето каде што стопанисува ЈП „Бабуна", е на врвот во земјава според изгорена површина, опожарена дрвна маса и по бројот на пожари и ваквата состојба е присутна околу десет години. Пожарите предизвикуваат огромна материјална штета, затоа е потребно кај населението да се подигне свеста за тоа да не ги уништваат шумите и дрвјата.

Според член 92 од законот за шумте, активностите за стопанисување на приватните шуми ги вршат самите сопственици на шумите или правни и физички лица кои имаат лиценца да ги вршат шумските работи согласно со овој закон. Работите кои се однесуваат на заштита и користење на шумте ги вршат сопствениците.

Со членот 93 од законот за шумите сопствениците на приватните шуми можат да се здружуваат во здружение на сопственици на приватни шуми. Здруженијата можат да ги извршуваат следниве активности:

- Ги информира сите членови за програмите, процедурите и можностите за поддршка на шумарството во приватниот сектор и руралниот развој;
- Извршување на стручно-технички работи во приватните шуми;
- Застапување на интересите на членовите на здружението;
- И други активности поврзани со шумите.

Според законската регулатива институциите се должни да ја заштитуваат шумата од пожари. Исто така потребно е да интервенираат согласно со опеаративните планови за заштита на шумите од пожари. Меѓутоа сите институции имаат недостатоци на опрема, обученост, тренинзи како и меѓусебна комуникација. За поголема ефикасност при гасењето на шумските пожари потребно е државата да им ја набави потребната опрема.

Институциите е потребно да превземат мерки:

- Превентивни мерки
  -Законски
  -Воспитни -
  Информативно-пропагандни

- Пресупресивни

- Супресивни (директната борба со огнот)

Поради целата оваа неорганизираност и недоволната опрема и непрофесионалност од страна на институциите, овој регион го завзема првото место според бројот на пожарите и опожарената површина.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГАСЕЊЕ НА ШУМСКИ ПОЖАРИ ВО ОПШТИНА ЧАШКА

Добрата или лошата организациона поставеност, нивната координираност, најдобро се гледа при активностите кои се превземаат за локализирање и гасење на шумските пожари. Надлежноста и хиерархијата на носење на одлуки е од осебена важност за време на овие активности. Во однос на ова, обврската први да интервенираат за локализирање и гасење на пожарот ја има подружницата „Бабуна" од Велес. За време на нивната интервенција одлуките ги носи одговорниот за акцијата (шумарски инженер).

Во случај тие да не се во состојба да го локализираат и изгаснат пожарот, на помош ја повикуваат ТППЕ-Велес. Тука одлуките и командите ги носи одговорниот од подружницата „Бабуна". Ако пожарот ги надминува и нивните можности за справување, на помош се вика ДЗС Велес. Со нејзиното пристигнување на пожариштето, таа го превзема командувањето и носењето на одлуките врз сите сили. Предходно или во оваа фаза, ДЗС може да ги инволвира и тимовите на доброволните противпожарни друштва, а тие ќе бидат под команда на погоре објаснетите институции. Ако и понатаму пожарот ги надминува можностите за справување, тогаш ДЗС се обраќа на републичко ниво во хиерархијата на самата дирекција.



Шема 1

Целата организација при локализирање и гасење на шумските пожари се одвива непрофесионално од страна на институциите кои се задолжени за овој регион, поради недоволната обученост, едукација, недостаток на опрема и недоволно пожарникари. Сета оваа организација е прикажана на шема 1.

Гледајќи ги шемата и објаснувањето дадени погоре, може да се види дека надлежностите и ланецот на командување се прецизно дефинирани, но во праксата ова воопшто не е така. Често пати се случува да не се знае кој командува на пожариштето, да бидат вклучени во гасењето и лица кои не припаѓаат или не се дел од горенаведените сили, отсуство на меѓусебна координација и комуникација и

слично. Често пати ова е еден од предусловите за несоодветно и неефикасно справување со пожарите, а вината се префрла на несоодветната опременост, временската ситуација, лошиот терен...

## 3.1. ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ

1. Општина Чашка е општина со висок ризик, поради големиот број на шумски пожари и опожарена површина. Во последниве 10 години од 2003 до 2013 се евидентирани 288 пожари и е опожарена површина од околу 20 000 ha.

2. Според законската регулатива институции кои се надлежни за заштитата од пожари се: ЈП „Македонски шуми", подружница „Бабуна"-Велес, Територијалната противпожарна единица - Велес, Дирекцијата за заштита и спасување-Велес, Локална самоуправа Чашка и Велес и Доброволните противпожарни друштва.

3. Иако во законската регулатива местото, улогата и задачите на овие институции и организации се прецизно дефинирани сепак во праксата тоа не функционира така.

Предлог мерки:

За подобрување на состојбата и начинот на функционирање на иституциите и организациите, а во согласност со заклучокот број 3 ги предлагаме следниве точки :

1. Заради усогласување и координација на превземање на сите мерки (превентивни, пресупресивни и супресивни) за заштита на шумите од пожари надлежните институции и организации треба да организираат поголем број на заеднички средби во текот на годината.

2. Во склад со претходната мерка, според заклучоците и одлуките, институциите треба да набават соодветна опрема, да извршат обука и тренинг на гасначите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Николов Н.(2012) “Заштита на шуми и други отворени простори од пожари” Противпожарен сојуз на Македонија.

2. Камиловски М.( 1983) “Мерки и методи за намалување на појава и гасење на шумски пожар “.

3. http://www.psm.mk/nov/

4. http://www.zels.org.mk/

5. http://www.dzs.gov.mk/

**ПУБЛИКАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ И ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ:**
**„Организација на заштитата на шумите од пожари во регионот на Богомила“**

**ИЗДАВАЧ:**
Еко Логик
Аминта Трети 16-1/10, 1000 Скопје
Тел: 389 02 615 4637
www.ecologic.mk
E-mail: ecologic.mk@gmail.com

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Никола Нешкоски

**АВТОР (И) НА КОНЦЕПТ И ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:**
Оливер Поп-Арсовски

**АВТОР (И) НА ТЕКСТ:**
Оливер Поп-Арсовски

**ДИЗАЈН И ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА:**
Коста Печевски

**ЛЕКТУРА:**
Оливер Поп-Арсовски

**ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ:**
2015

